Врз основа на член 36, 37, 38, 39 и 67 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15,106/15,153/15,190/16и 21/18) Одлуката на Управниот Одбор на ЈП Градски пазар Охрид за давање под закуп недвижни ствари – деловни простори , 02-525/1 од 31.01.2018 година, Одлуката на Советот на Општина Охрид бр. 08-3185/20 од14.03.2018 година и Извештај на овластено лице бр .03-515од 24.01.2018 година за процена на пазарна вредност на недвижен имот Деловен простор бр.1 од 30 м2 по Имотен лист бр.14766 КО Охрид 1 , Деловен простор бр.5 од 30 м2 по Имотен лист бр.14766 КО Охрид 1и Деловен простор бр.7 од 30 м2 по Имотен лист бр.14766 КО Охрид 1, Комисијата за располагање со недвижни и движни ствари дава

**ОБЈАВА БР. 01/2018**

**за давање под закуп на ствари во општинска сопственост** (објава по прв пат)

## I. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНО ЕЛЕКТРОНСКО НАДДАВАЊЕ

Предмет на електронско јавно наддавање е: **Давање под закуп на недвижни ствари,(деловни простори) според табеларниот приказ:**

| Реден број на објекти предмет на закуп | **Предмет на закуп** | **Подетален опис на предметот на закуп** | **Почетен износ на месечна закупнина напредметот на закуп – предмет на е-наддавање (почетна цена)** *(0,5% од проценетата вредност на недвижнита ствар)* | **Банкарска гаранција за сериозност на понудата** *(2% од проценетата вредност на недвижната ствар)* | **Минимален чекор на наддавање** | **Почеток/час на аукцијата** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1. | **Дел од објект** заведен во Имотен лист бр. xxxxx9 КО Охрид, КП бр.14766, дел , со намена деловен простар **површина од 30м$^2$**. Проценетата пазарна вредност на објектот кој се дава под закуп е 3,043,684.00 денари. | | 15,218,00 | 60.874,00 | 100 | 12,00 часот |
| 2. | **Дел од објект** заведен во Имотен лист бр. xxxxx9 КО Охрид, КП бр.14766, дел , со намена деловен простар **површина од 30 м$^2$**. Проценетата пазарна вредност на објектот кој се дава под закуп е 2,863,772.61 денари. | | 14,318.00 | 57.275,50 | 100 | 13,00 часот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3. | **Дел од објект** заведен во Имотен лист бр. xxxxx9 КО Охрид, КП бр.14766, дел , со намена деловен простар **површина од 30 м$^2$**. Проценетата пазарна вредност на објектот кој се дава под закуп е 3,141,510.53 денари. | 15,707.55 | 62.830,оо | 100 | 14:00 часот |

- Деловниот објект се издава во видена состојба
- **Посета на локација:** Секое заинтересирано лице може да побара да направи увид на предметот на закуп на наведената локација, по претходно закажување на тел. 075/435-556 , лице за контакт Александар
- **Времетраење на договорот за закуп: 4 (четири) години.**

II. ***ПРАВО НА УЧЕСТВО:*** Право на учество имаат сите заинтересирани домашни и странски физички и правни лица кои можат да користат недвижни ствари на територија на Република Македонија согласно со Закон и кои ги исполнуваат условите дадени во објавата, подетално утврдени во точка III. Услови за учество во електронско јавно наддавање.

**III.** ***УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ:*** За учество во електронското јавно наддавање заинтересираните учесници поднесуваат Пријава (понуда), која треба да ги содржи сите податоци и докази-документи утврдени во Објавата за **за давање под закуп ненедвижни ствари- деловен простор**. Јавното надавање ќе се одржи на www.e-stvari.mk Право на учество имаат домашни и странски физички и правни лица кои ги исполниле условите од точка четири од овој оглас. Напаствија ,инструкции и лозинка во писмена форма ќе добиат сите учесници кои ги исполниле условите најдоцна 3 (три) дена пред јавното надавање.

**IV. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ/ ДОКАЗИ ЗА УЧЕСТВО**

Сите документи, односно доказите кои е потребно да се достават, понудувачот ги доставуваат во електронска форма на www.e-stvari.mk

**Пријава (понуда) за учество на јавното наддавање со наведување/означување на бројот на објавата и предметот на закуп**–*лично потпишана од учесникот или од него овластено лице со прилог овластување за потпишување*, (која содржи податоци за подносителот на пријавата: назив на правното лице/ име и презиме на физичкото лице кое е подносител на понудата/пријавата за учество, адреса/седиште/живеалиште, ДБ и ЕМБС за правни лица/ЕМБГ за физички лица, телефон за контакт, моб.телефон, лице за контакт, податоци за одговорно лице –име и презиме (управител), банка во која е депонент и жиро сметка/трансакциска сметка во банката, задолжително напишана **e–mail адреса на подносителот на пријавата** преку која ќе му бидат испратени, корисничко име и шифра за учество на јавното наддавање,

Потребна Документација

1. **Банкарска гаранција за сериозност на понудата во висина од 2%** од вкупната проценета вредност на недвижната ствар. Подносителот на понудата/ пријавата за учество задолжително

доставува банкарска гаранција во електронска форма во висина од 2% од вкупната проценета вредност на објектот и тоа:

2. - на износ од 60.874,00денари за деловен простор под бр 1.
 - на износ од 57.275,50 денари за деловен простор под бр 2.
 - на износ од 62.830,00 денари за деловен простор под бр 3.

**Времетраење на банкарската гаранција:** Банкарската гаранција треба да биде со времетраење од **најмалку 60 дена сметано од крајниот рок за поднесување на пријави.**

**Понудувачот е должен , банкарскатаГаранција за сериозност на понудата и другите документи да ја достави во електронска форма на ВЕБ страната** www.e-stvari.mk

Банкарската гаранција треба да биде издадена во македонска валута одбанка која работи и врши банкарски активности во Република Македонија. Банкарската гаранција за сериозност на понудата му се враќа на подносителот на пријавата во рок од 15 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање, а банкарската гаранција на најповолниот понудувач му се враќа во рок од 30 дена од денот на уплатата на закупнината за еденмесец однапред по цена ,постигната на јавното наддавање за секој објект поединечно.

- Банкарската гаранција за сериозност на понудата ќе се наплати доколку:
  - избраниот најповолен понудувач во рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување за избор, не уплати една месечна закупнина однапред врз основа на најповолната понудената последна цена на електроското јавно наддавање,
  - најповолниот понудувач нема да го склучи договорот за закуп.

  Во случај на наплата на банкарската гаранција понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметните ствари.
- Секоја пријава/понуда која не содржи гаранција за сериозност на понуда или содржи гаранција за сериозност на понудата која не е во согласност со условите од објавата, ќе биде отфрлена и понудувачот нема да учествува на електронското јавно наддавање.

3. **Доказ за идентитет**:

Подносителот на пријавата кон пријавата задолжително доставува:

1. Доказзаидентитетот (полнназив, точнаадреса, којдокументисеприложуваатконпријавата, телефон);
2. За правни лица-Доказ за регистрација на правното лице одЦентралниотРегистарнаР.Македонија или друг соодветен регистар;
3. Тековна состојба од Централниот Регистар на РМ
4. Уредно полномошно за полномошникот што го претставува правното лице,
5. За физички лица- фотокопија од Лична карта или патна исправа;
6. Е-маиладресанаподнесувачотнапријавата, накојаштоќеимбидеиспратенокорисничкотоиме и шифратазапристапнаинтернетстраницатанакојаштоќесеодиваелектронскотојавнонаддавање;
7. Изјавасокојаштогиприфаќаатусловитештоседаденивообјавата; дадена во прилог на огласот
8. Изјава за давање согласност за користење и обработка на личните податоци
9. Банкарскагаранцијазасериозноствовисинаод 2% одпроценетатавредностнанедвижнатаствар, заучествонајавнотонаддавање.

**Напомена:** Пријавите кои што нема да бидат комплетирани со овие докази нема да учествуваат во наддавањето за што ќе бидат известени по електронски пат.

## V. РОК НА ТРАЕЊЕ НА ОБЈАВАТА

Оваа објава почнува да тече од денот на објавување на објавата на веб страна на Општина Охриди трае **до 12.07.2018 година**.

Електронското јавно наддавање ќе се оддржи на интернет страницатаwww.e-stvari.mk

елктронското јавно наддавање ќе започне на ден **17.07.2018 година со почеток во 12 часот**за деловен простор под бр 1 , на ден **17.07.2018 година со почеток во 12,30 часот**за деловен простор под бр 2 и на ден **17.07.2018 година со почеток во 13,00 часот**за деловен простор под бр 3 .
.

## VI. ПОЧЕТНА ЦЕНА НА МЕСЕЧНА ЗАКУПНИНА

Почетните цени на месечната закупнинаод објавата се дадени во табеларниот преглед во точката I.

## VII. РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИ ЗА УЧЕСТВО

Во согласност со чл.25 ст.2 и ст.3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, Комисијата за располагање со недвижни и движни ствари рок за поднесување на пријави кој не е пократок од 10 календарски дена ниту подолг од 30 календарски дена, сметајќи од денот на објавувањето на објавата до денот на поднесувањето на пријавите и тоа:
**Пријавите за учество на јавното наддавање се доставуваат најдоцна до 12.07.2018 год. до 15.00 часот,**на **www.e-stvari.mk**

Понудувачите се лично одговорни за уредно и навремено поднесување на пријавите до крајниот рок за поднесување на пријави. Секоја пријава која е поднесена по истекот на крајниот рок за поднесување на пријави ќе се смета како задоцнета и ќе биде одбиена, односно нема да биде предмет на понатамошно разгледување и понудувачот нема да може да учествува во постапката.
Договорниот орган го задржува правото да направи измена и/или дополнување на оваа објава.

## VIII. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Постапката за електронско јавно наддавање ја спроведува Комисијата за располагање со недвижни и движни ствари. Комисијата по приемот на пријавите утврдува дали се доставени во определениот рок и дали се комплетирани согласно со условите во објавата по што ги известува подносителите на пријавите по електронски пат.Наподносителите на пријавите кои се комплетни, комисијата најдоцна 3 (три) дена пред денот на јавното надавање е им доставува корисничко име и шифра за учеството на јавното наддавање, а на подносителите на пријавите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување со образложение дека нема да учествуваат на јавното наддавање.

Јавното наддавање ќе се одржи доколку учесниците ги исполнуваат условите дадени во објавата. Јавното наддавање ќе се одржи, доколку по објавата се пријавил и само еден учесник кој ги исполнува условите дадени во објавата и ја нададе почетната цена. Јавното наддавање започнува со објавување на мњсњчната почетна цена на закупнината и се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците. Во првите десет минути од јавното наддавање учесниците можат да ја но зголемуваат цената на месечната закупнина. Јавното наддавање се смета за завршено во моментот на истекот на времето определено во објавата, при што доколку во истекот на последните три минути од определеното време за траење на јавното наддавање од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште три минути, а ќе заврши кога за период од следните три минути нема нова дадена понуда. Јавното наддавање продолжува неограничено се додека во временски интервал од три (3) минути има нова понуда.

**За најповолен понудувач се смета учесникот во јавното наддавање кој понудил последна цена која претставува највисока цена за месечна закупнина.** По завршувањето на јавното наддавање се изготвува записник за спроведеното јавно наддавање кој се доставува до сите учесници на електронското јавно наддавање.

**Најповолниот понудувач е должен во рок од 15 дена од приемот на писменото известување за избор да ја уплати закупнината за еден месец, врз основа на закупнината постигната на јавното наддавање**, а доколку не ги уплати средствата во овој рок нема да се пристапи кон склучување на договор, банкарската гаранција ќе биде активирана и понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно наддавање за предметните недвижни ствари.

На постигнатата конечна цена за месечната закупнина, дополнително ќе биде пресметан ДДВ, како обврска на закупецот.

По завршувањето на постапката за јавно наддавање, **со најповолниот понудувач, во рок од 15 /петнаесет/ работни дена по извршената уплата на понудената цена, се склучува договор за закуп** во писмена форма согласно одредбите од Законот за облигационите односи кој особено ги содржи следните елементи: страни на договорот, предмет на договорот, односно конкретни податоци за недвижната ствар и обврска на закупецот за плаќање на нотарските трошоци, обврска за плаќање на закупнина , права и обврски на договорните страни и др.

**По склучувањето на договорот во рок од 30 дена истиот се доставува кај нотар заради вршење на солемнизација.Трошоците за солемнизацијата ги плаќа закупецот, односно учесникот кој на јавното наддавање понудил највисока цена за месечна закупнина и со кој се склучува договорот за закуп**.

## IX. ПРАВНА ЗАШТИТА

Учесниците во постапката по објавата имаат право на приговор , во рок од 3 (три) дена од одржувањето на јавното наддавање до надлежниот орган кој одлучува по приговорот со решение во рок од 8 (осум) дена од приемот на приговорот. Против решението на надлежниот може да се изјави жалба до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка во втор степен.

## X. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ ПОДИГАЊЕ ОБРАСЦИ ПО ОБЈАВАТА

- Дополнителни информации за постапката и предметот на закуп можат да се добијат на телефон: 075/435-556 , лице за контакт Александар

Комисија за располагање со недвижни и движни ствари

Оригинал ________________________

место за арх.заверка од понудувачот (за правното лице)

III. Прилог 1- ОБРАЗЕЦ НА ПРИЈАВА (понуда)

Врз основа на Објавата бр.**01/2018**објавеназа давање под закуп на недвижен имот (објава по прв пат) со електронско јавно наддавање кое ќе се оддржи на интернет страницатаwww.e - stvari.mk ја поднесуваме следнава:

# ПРИЈАВА (понуда)

## III.1. ОПШТ ДЕЛ

III.1.1.Име на понудувачот:

____________________________________________________________________________

(назив на правното лице според тековна состојба или име, татково име и презиме на физичкото лице)

III.1.2. Контакт информации

Седиште/адреса:

_______________________________________________________________________________________

Телефон:

_____________________________________моб.тел._________________________________________________

Факс:

________________________________________________________________________________________________

_

**Е-пошта** : ___________________________________

Лице за контакт:

_______________________________________________________________________________________

III.1.3. Одговорно лице

(управител):_____________________________________________________________________

III.1.4. Даночен број: ________________________________________ЕМБС

_____________________________________

III.1.5. ЕМБГ: ______________________________ (за физичко лице)

III.1.6. Жиро сметка за правно лице /трансакциска с-ка за физичко лице____________________________________

III.1.7. Банка :

________________________________________________________________________________________

III.1.8. Изјава за прифаќање на  условите и барањата од Објавата бр.01/2018 ,  прилог 3.

III.1.9 Изјава за давање согласност за користење и обработка на лични податоци, прилог 4.

III.1.10   Во прилог на Образец на пријава (понуда) – прилог 1.  Ги поднесувам следните документи

1. За правни лица-Доказ за регистрација на правното лице одЦентралниотРегистарнаР.Македонија или друг соодветен регистар
2. Тековна состојба од Централниот Регистар на РМ
3. Уредно полномошно за полномошникот што го претставува правното лице,
4. За физички лица-Лична карта или патна исправа;
5. Банкарскагаранцијазасериозноствовисинаод 2% одпроценетатавредностнанедвижнатаствар, заучествонајавнотонаддавање на износ од                  , денари, издадена од-------------------------------- банака **наиме оглас01/2018 .**

Прилог 2

IV.Пријавата ја поднесуваме за следниот објект под реден број- (задолжително да се означи / штиклира на јасен и недвосмислен начин објектот/те за кој заинтересираната страна ја поднесува оваа пријава):

| Ред. број на делови предмет на закуп | **Предмет на закуп** | **Да се наведат податоци за банкарската гаранција која понудувачот ја доставува** *(2% од проценетата вредност на недвижната ствар)* | **Да се означи/штиклира објектот за кој се поднесува пријавата** |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1. | | Износ во МКД:________________<br>Дата на издавање.______________<br>Рок на важност:________________ | ☐ |
| 2. | | Износ во МКД:________________<br>Дата на издавање.______________<br>Рок на важност:________________ | ☐ |
| 3. | | Износ во МКД:________________<br>Дата на издавање.______________<br>Рок на важност:________________ | ☐ |

Прилог3- Изјава за прифаќање на условите и барањата од Објавата бр.**01/2018**објавена од ОХРИД(објава по прв пат) со електронско јавно наддавање

_____________________________

место за арх.заверка од понудувачот (за правното лице)

# ИЗЈАВА

за прифаќање на условите и барањата од Објавата бр.01/2018 објавена од за давање под закуп на ствари деловен простор (објава по прв пат) со електронско јавно наддавање

Јас, ___________________________________________________________________________

(Име и Презиме на одговорно лице (управител) на правното лице или Име и Презиме на физичкото лице)

со седиште/адреса___________________________________________________________________

под морална, материјална и кривична одговорност со потпишувањето на оваа изјава доброволно изјавувам дека ги прифаќам во целост условите и барањата од Објавата бр.2/2018 (објава по прв пат) со електронско јавно наддавање.

| **Место и датум** | **Одговорно лице** |
|---|---|
| ______________________________ | ______________________________ |
| | **(потпис и печат)** |

Прилог4- Изјава за давање согласност за користење и обработка на личните податоци на понудувачот и одговорното лице на понудувачот заради учество во постапката за давање под закуп на недвижни ствари со електронско јавно наддавање по објава **01/2018**

_________________________

место за арх.заверка од понудувачот(за правното лице)

# ИЗЈАВА

за давање согласност за користење и обработка на личните податоци

на понудувачот и одговорното лице на понудувачот

Јас, ______________________________________________________________________________

(Име и Презиме на одговорно лице (управител) на правното лице или Име и Презиме на физичкото лице)

со седиште/адреса___________________________________________________________________________

во својство на одговорно лице на правното лице:_________________________________________________

под морална, материјална и кривична одговорност со потпишувањето на оваа изјава доброволно изјавувам дека давам изречна согласност а располагање со недвижни и движни ствари) да може да ги користи, обработува и чува моите лични податоци (и личните податоци на правното лице ) заради учество во постапката по Објавата бр.h/2018 објавена за давање под закуп на недвижни ствари деловен простор (објава по прв пат) со електронско јавно наддавање.

| **Место и датум** | **Одговорно лице** |
|---|---|
| ____________________________ | ____________________________ |
| | **(потпис и печат)** |